РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-268/2
27-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27-та седница одржана на ден 23.01.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предмет број 12-92/1 од 08.01.2025 година оформен по Извештај на работна група формирана за вршење на увид во законитоста на склучени договори за дело и авторски договори на надворешни соработници за период од 2022 до 2024 година во Министерството ------------------------------------------, кој е доставен од страна на ------------------------------------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што во тек е постапка пред друг надлежен орган – Управа за финансиска полиција.

Предметот со број 12-92/1 од 08.01.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 08.01.2025 година, од страна на службено лице - -------------------------------------, до ДКСК доставен е Извештај на работна група формирана за вршење на увид во законитоста на склучени договори за дело и авторски договори на надворешни соработници за период од 2022 до 2024 година во Министерството ------------------------------.
Работната група во предметниот Извештај заверен со бр.-------------- од 04.12.2024 година, констатирала низа неправилности и му предложила на раководството на Министерството -------------------------, за констатираните неправилности дадени во предметниот Извештај, да се известат повеќе институции како: ДКСК, Управата за финансиска полиција и Министерството за внатрешни работи, за да постапат согласно своите законски надлежности.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во предметот, ДКСК достави барање за доставување на информации до Министерството за култура и туризам (МКТ), Државниот инспекторат за труд (ДИТ), Управата за финансиска полиција (УФП) и Министерство за внатрешни работи (МВР).

На ден 28.02.2025 година, МКТ ја извести ДКСК дека Одделението за внатрешна ревизија при министерството, не е во можност да постапи по барањето на ДКСК поради тоа што ова одделение не било пополнето и немало вработени административни службеници кои би постапиле за спроведување на бараната внатрешна ревизија.

На 28.10.2025 година, УФП ја извести ДКСК дека постапува за предметниот случај и постапката е во тек.

На ден 14.11.2025 година, ДИТ достави Записник за извршен инспекциски надзор ИП 1 бр.-- -------------- од 04.11.2025 година. Во Записникот е наведено дека, по разгледување на документацијата потребна за утврдување на фактичката состојба при инспекцискиот надзор од страна на инспекторот за труд било утврдено дека:
-Во периодот од 2022 до 2024 година, ------- ангажирало лица со договор на дело врз основа на член 9 од Законот за трансформација на работен однос и по претходно обезбедени согласности од Министерството за финансии за нивно ангажирање и тоа за ангажирање на: 28 лица со договор на дело за период 01.01.2022 година до 31.12.2022 година; 31 лице со договор на дело за период 01.01.2023 година до 31.12.2023 година; 41 лице со договор на дело за период 01.01.2024 година до 31.12.2024 година.
- -----, во истиот период имало ангажирано и лица со договор за извршување на услуги за еднократни услуги, за работни задачи кои не се предвидени во систематизацијата на работните места на -------.
-Договорите за дело за вршење на работа и задача, претставувале граѓанско-правни договори, истите биле склучени согласно Законот за облигациони односи и не создавале работен однос во смисла на Законот за работни односи. Во склучените договори било предвидено дека евентуалните спорови од договорот ќе ги решава надлежен суд во Скопје.
-Со оглед на утврдената состојба, ДИТ се огласува за ненадлежен за вршење на надзор над законитоста на предметните договори.

На ден 21.11.2025 година, МВР постапувајќи по барање на ДКСК, извести дека била извршена проверка во електронската евиденција на предмети, при што било констатирано дека во службените евиденции на МВР не е евидентиран Извештај на работна група формирана за вршење на увид во законитоста на склучени договори за дело и авторски

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

договори на надворешни соработници за период од 2022 до 2024 година во Министерството -------------------------------, доставен од страна на -------.
ДКСК го достави на надлежно постапување до Министерството за внатрешни работи Извештајот на работната група формирана за вршење на увид во законитоста на склучени договори за дело и авторски договори на надворешни соработници за период од 2022 до 2024 година во Министерството -------------------------------.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметниот случај нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што во тек е постапка пред друг надлежен орган – Управа за финансиска полиција.
Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател
Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., Член на ДКСК